Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

Архивски бр. 08-2117/

Датум ____________________

ЗАПИСНИК

ОД УВИД ВО ОСНОВНИОТ СУД КАВАДАРЦИ

Комисијата за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник (во натамошниот текст: Надзорната комисија) на ден 11.4.2019 година (четврток) во 10.30 часот, согласно Планот за надзор бр. 02-1034/1 од 7.02.2019 година, го започна увидот во функционалноста на Автоматскиот компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС) во Основниот суд Кавадарци.

Претходно, со писмо од 1.4.2019 година претседателот на Основниот суд Кавадарци беше известен за претстојниот надзор и беше доставен список на документација која треба да биде подготвена за увид.

Увидот во функционалноста на АКМИС-от започна со интервју со Претседателот на судот во врска со обврските предвидени со Законот за управување со движењето на предметите во судот и Судскиот деловник. На самиот почеток на состанокот претседателот на судот најави подготвеност за состанокот со сите побарани документи во оригинал на увид и обезбедена копија од истите за Надзорната комисија.

Претседателот на судот истакна дека во судот работат 7 судии од 10 предвидени судиски места по систематизација и 6 судски стручни соработници. Во судот вкупно работат 50 вработени.

Надзорната комисија побара документацијата наведена во горесспоменатиот допис да биде доставена на увид и притоа, во однос на бараните документи беше утврдено следното:

1. **Одлуките за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2017, 2018 и 2019 година.**


Министерство за правда на Република Северна Македонија | Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија | +389 2 3116 493 www.pravda.gov.mk

Архивски бр. 08-2117/
Датум ____________________

ЗАПИСНИК
ОД УВИД ВО ОСНОВНИОТ СУД КАВАДАРЦИ

Комисијата за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник (во натамошниот текст: Надзорната комисија) на ден 11.4.2019 година (четврток) во 10.30 часот, согласно Планот за надзор бр. 02-1034/1 од 7.02.2019 година, го започна увидот во функционалноста на Автоматскиот компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС) во Основниот суд Кавадарци.

Претходно, со писмо од 1.4.2019 година претседателот на Основниот суд Кавадарци беше известен за претстојниот надзор и беше доставен список на документација која треба да биде подготвена за увид.

Увидот во функционалноста на АКМИС-от започна со интервју со Претседателот на судот во врска со обврските предвидени со Законот за управување со движењето на предметите во судот и Судскиот деловник. На самиот почеток на состанокот претседателот на судот најави подготвеност за состанокот со сите побарани документи во оригинал на увид и обезбедена копија од истите за Надзорната комисија.

Претседателот на судот истакна дека во судот работат 7 судии од 10 предвидени судиски места по систематизација и 6 судски стручни соработници. Во судот вкупно работат 50 вработени.

Надзорната комисија побара документацијата наведена во горе споменатиот допис да биде доставена на увид и притоа, во однос на бараните документи беше утврдено следното:

**1. Одлуките за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2017, 2018 и 2019 година.**

Беше констатирано дека се донесени одлуки за формирање на работното тело за управување со движење на предметите во судот за 2017, 2018 и 2019 година и се изврши увид во одлуките. Надзорната комисија беше информирана дека се прават измени на одлуките само ако има персонални промени.

**2. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2017, 2018 и 2019 година по предлог на Работното тело**

Констатирано е дека Годишни планови за управување со предметите за 2017, 2018 и 2019 година се донесени.

**3. Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно за 2017, 2018 и 2019 година (член 17 од СД).**

Надзорната комисија беше известена дека претседателот врши надзор и почесто од она што е законски предвидено, но не секогаш се прават службени белешки, односно, службените белешки се изготвуваат само ако се констатираат недостатоци по кои соодветно се преземаат активности за нивно отстранување.

**4. Извештаите на повисокиот суд за работата на Основниот суд Кавадарци, за 2017, 2018 и 2019 година**

Надзорната комисија беше известена дека Апелациониот суд Скопје во текот на 2017 година извршил два пати надзор, во 2018 година само еднаш, а за 2019 година е најавена посетата.

*ПРЕПОРАКА: Се препорачува Апелациониот суд Скопје да врши редовно надзори на работата на пониските судови*

**5. Записници од одржани седници на месечно ниво (членови 19 и 22 од СД) и увид во записници**

Претседателот информираше дека одржува седници редовно, но се одржуваат и вонредни седници, кога е утврдена потреба за нивно одржување. Надзорната комисија

изврши увид во записниците и се утврди дека седниците редовно се одржуваат на различни теми.

**6. Организирани обуки и судски службеници за користење на АКМИС (член 26 од СД)**

Тековни обуки за работење на АКМИС на вработените врши судскиот информатичар и тоа *ad hoc*, односно по потреба. Беше подвлечено дека таквите обуки се интервентни, односно нема организирана и систематска обука. Беше истакната потребата од тело за координација на информатичарите во судовите.

***ПРЕПОРАКА: Надлежните органи да преземат чекори во организирање на континурана обука за ИКТ технологијата на информатичарите и другите вработени во судови. Исто така, се поддржува формирањето на тело кое ќе функционира како центар за ИКТ со задача да ги координира информатичарите во судовите***

**7. Судски администратор (член 60 од СД)**

Судот нема судски администратор бидејќи е суд со основна надлежност, па согласно Судскиот деловник има раководител на служба.

***ПРЕПОРАКА: Земајќи ги предвид последните изгласани измени на Законот за судовите со кои се предвидува Основниот суд во Кавадарци да стане основен суд со проширена надлежност, почнувајќи од 1 јануари 2020 година, се препорачува соодветно планирање и пополнување на работното место „Судски администратор“.***

**8. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи, за контролираниот период (член 61 од СД)**

Списокот за сите три години (2017, 2018 и 2019 година) беше даден на увид и беше констатирана соодветен распоред на вработените по кориснички групи.

**9. Достава на извештај за реализација на програма за работа најдоцна до 1 март до Судски совет, од страна на претседател на суд**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Претседателот на судот врши редовна достава на извештај за реализација на програмата за работа до Судскиот совет на Република Северна Македонија најдоцна до 1 март.

**10. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, исто за период од три последни години (член 61 од СД)**

Внатрешните процедури за Основниот суд Кавадарци редовно се носат и истите беа ставени на увид. Беше истакнато дека е најдобро внатрешните процедури да се носат заедно со годишниот распоред за работа.

***ПРЕПОРАКА: Да се разгледа можноста за законски измени со кои ќе се предвиди внатрешните процедури за привилегии за АКМИС-от да се носат заедно со годишниот распоред на судот.***

**11. Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)**

Бројот, видот на судски оддели со судиите кои постапуваат по секоја област се утврдени со годишните распореди. Надзорната комисија утврди дека работата во судот се организира во 2 (два) судски оддели: Кривичен и граѓански оддел.

**12. Формиран оддел за судска практика во судот (член 74 од СД)**

Надзорната комисија беше информирана дека не е формиран оддел за судска практика заради малиот број на судии.

**13. Годишниот распоред на судии и сите измени на годишниот распоред на судии, со записници за запазена процедура за 2017, 2018 и 2019 година, дали се донесени до 31.12 во тековната година, колку пати се менувани и дали е запазена процедурата (мислење од седница на судии и достава до сите судии (член 113 од СД)**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Годишниот распоред на Основниот суд Кавадарци за 2017 година е донесен на ден 26.12.2016 година и е менуван вкупно 3 (три) пати заради остварување на ориентациона норма на судија и од организациски причини.

Годишниот распоред на Основниот суд Кавадарци за 2018 година е донесен на ден 26.12.2017 година и е не е менуван воопшто.

Годишниот распоред на Основниот суд Кавадарци за 2019 година е донесен на ден 26.12.2018 година и не е менуван до моментот на надзорот.

**14. Месечните распореди и времетраење на дежурста во судот, евидентирани во АКМИС за 2017, 2018 и 2019 година (116)**

Надзорната комисија беше информирана дека се организираат дежурства, месечни распореди за дежурства се изготвуваат и истите се испраќаат навремено до МВР и ОЈО.

**15. Простории за судии поротници и за адвокати (член 120 од СД)**

Надзорната комисија беше информирана дека во судот има простории за судии поротници и за адвокати, определена со одлука.

**16. Огласна табла на судот (член 122 од СД)**

Судот располага со огласни табли кои се во функција на видливо место.

**17. Формирана канцеларија за односи со јавност која на барање на странка доставува анонимизиран примерок од одлука (член 101)**

Претседателот ја извести Комисијата дека е формирана канцеларија за односи со јавност, но досега не добиле барање за аноминизиран примерок од одлука.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**18. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети и негово физичко присуство (член 89 од СД)**

Надзорната комисија беше известена дека советник – информатичар е задолжен за АКМИС-от. Задолженото лице беше повикано и со него лично разговараа членовите на комисијата околу различни аспекти за организацијата на АКМИС-от и неговата примена во судот.

Беше посочено од страна на претставниците на судот дека нема доволен број на основи во АКМИС-от и е неопходно да се интервенира во истиот (Потребно е да се средат номенклатурите).

Автоматска распределба и прераспределба на предмети се врши од страна на уписничарите во судот.

Сите уписници по кои постапуваат повеќе судии се вклучени во автоматска распределба, но постојат и уписници по кои постапува само еден судија, како на пример: К-ПП, КИ, ОИД, КР, КС, ИСАМ, ИКП, ИПРК, УО, Р и СУ- уписниците од судска управа за кои постапува претседателот на судот.

Сите уписници по кои постапуваат повеќе судии се вклучени во автоматска распределба, освен уписниците по кои постапува само еден судија и тоа:ИПРК, КИ, УЗУМВ, ОИД, КУИКП, УО,Р и СУ- уписниците од судска управа за кои постапува претседателот на судот.

**19. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети, за 2017, 2018 и 2019 година (175 став 5 СД)**

Надзорната комисија беше известена дека во целокупниот период кој се разгледува имало само една одлука за исклучување и една одлука за вклучување на судија. Се работело за случај кога судија заминал на боледување и било јасно дека ќе отсуствува подолго време.

**20. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Членовите на надзорната комисија беа известени дека месечните извештаи на работното тело се доставуваат до претседателот на судот редовно.

**21. Дали месечните извештаи на Работното тело се доставуваат на увид на повисокиот суд, согласно заклучокот на работен состанок од Велес 2013**

Надзорната комисија беше известена дека се постапува согласно наведениот заклучок, односно дека работното тело на Основниот суд во Кавадарци ги доставува месечните извештаи до Апелациониот суд Скопје.

**22. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради иземање на судија, и одлуките за иззмање за 2017, 2018 и 2019 година**

Надзорната комисија беше известена дека Основниот суд во Кавадарци има одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија.

**23. План за годишен одмор на судиите, за 2017, 2018 и 2019 година 115 СД)**

Надзорната комисија констатираше дека се донесени планови за годишен одмор на судиите.

**24. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот**

Надзорната комисија изврши увид во бројот на ново заведени предмети по уписници за 2017, 2018 и 2019 година и во листата на уписници Нема нераспределени предмети во ниту еден уписник ниту исклучување на уписник од автоматска распределба.

Редовните предмети се распределуваат автоматски во сите уписници кои се вклучени на автоматска распределба, освен освен поврзаните предмети, итните предмети и уписниците за кои е доделен само еден судија.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Уписниците од Судска управа по кои постапува претседателот на судот се водат во АКМИС исто така и актите се изготвуваат во АКМКС.

**25. Сите одлуки за рачна распределба на предмети, од АКМИС за 2017, 2018 и 2019 година**

Претседателот на судот ги извести членовите на Надзорната комисија дека нема одлуки за рачна распределба на предмети.

**26. Преглед на информатичката опрема со која располага судот.**

На Надзорната комисија и беше доставен на увид список на ИТ опрема со која располага Основниот суд Кавадарци. Членовите на комисијата од редот на информатичарите заклучија дека е неопходна надградба на серверот и дел од персоналните компјутери кои се користат во судот, а со цел нормално функционирање на АКМИС и редовно зачувување на потребните резервни копии на податоци.

***ПРЕПОРАКА: ИТНО да се зајакнат капацитетите на серверите за да се овозможи непречено фунцкионирање на АКМИС-от.***

**27. Скенирање на влезни документи**

Надзорната комисија беше информирана дека влезните документи во Основниот суд во Кавадарци се скенираат, односно дека сета документација се скенира. Но, воочена е потребата од нови скенери и дополнителен персонал кој ќе работи на скенирање на документи.

***ПРЕПОРАКА: Да се преземат чекори за надминување на проблемот со скенирање на влезни документи со обезбедување на човечки ресурси и техничка опрема.***

**28. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник**

Надзорната комисија беше информирана дека распределбата на предметите во судот се врши еднаш дневно и тоа во 14.00 часот. Итните предемети се распределуваат веднаш.

## 29. Објавен број на анонимизирани судски одлуки на судски веб порталот во однос на вкупен број одлуки донесени во судот

Надзораната комисија беше информирана дека во судот се објавуваат анонимизирани одлуки на судскиот веб портал и тоа:во 2017 година се објавени 1196 анонимизирани одлуки, во 2018 година се објавени 809 анонимизирани одлуки и во 2019 година се објавени 280 одлуки.

Претставниците на судот го истакнаа проблемот со анонимизација на судските одлуки, посебно обработката на неправосилните одлуки, а чувањето на анонимизираниот текст повеќе пати во базата на податоци значително ја зголемува големината на истата, што доведува до оптеретување на АКМИС во целина и искористување на голем дел од дисковиот простор на серверот.

Претставниците на судот го истакнаа проблемот со анонимизација на судските одлуки, посебно обработката на неправосилните одлуки, а чување на анонимизираниот текст повеќе пати во базата на податоци значително ја зголемува големината на истата, што доведува до оптеретување на АКМИС во целина и искористување на голем дел од дисковиот простор на серверот.

ПРЕПОРАКА: да се преиспита целисходноста од анонимизација и објавување на неправосилните одлуки и соодветно да се предложат законски измени за тоа прашање.

## 32. Електронски прием на предмети од страна на судиите

Надзорната комисија беше информирана дека електронското прифаќање на предметите од страна на судиите се врши редовно.

## 33. Уписници што се водат во хартиена форма


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Надзорната комисија беше информирана дека во Основниот суд во Кавадарци нема уписник во хартиена форма, односно сите уписници се водат електронски.

*ГЕНЕРАЛНА ПРЕПОРАКА: Надзорната комисија препорачува судовите да ја следат практиката во работењето на Основниот суд во Кавадарци. Имено, организираноста, работата и подготвеноста на судот се во согласност со Законот за управување со движење на предметите во судовите и Судскиот деловник. Работата на Основниот суд во Кавадарци е позитивен пример во македонското судство.*

Увидот заврши на ден 11.04.2019 година во 13:20 часот.

Членови на надзорна комисија:


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk